# АБСТРАКТ

Маркетингот претставува комплесен и сложен процес која се повеќе и повеќе наоѓа примена во сите нивоа на човековото живеење и работење. Денес светот едноставно не може да се замисли без основите и принципите на маркетинг работењето. Ова пред сё произлегува од потребата да се изнајдат форми и начини на прилагодување на производите и услугите на потребите на потрошувачите како основна и главна причина за успешно и профитабилно работење на компаниите. Во современи услови на работење, во услови на пазарна економија и конкуренција, невозможно е да се замисли опстојувањето на една компанија па вклучително и финансиска инстуција како што е осигурителната компанија без излегување во пресрет на потребите и барањата на поторшувачите. Меѓутоа, за да може да се задоволат ваквите потреби неминовно е целосна примена на концептот на маркетингот во севкупното нивно работење. Маркетинг концептот претставува еден комплексен сет на активности, процеси, постапки и мерки кои значат сигурна гаранција за успешно работење на пазарот и остварување на профит преку задоволување на барањата, потребите и вкусовите на конзументите.



**Клучни зборови:** маркетинг, рентабилно работење, осигурителни компании, Косово